Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Управа за извршување на санкциите
Бр. 04-18/12
20.01.2020 година
Скопје

Врз основа на член 52 став(1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) Директорот на Управата за извршување на санкциите донесе

# ОДЛУКА

**за избор на кандидат по интерен оглас број 01/2019**
**за унапредување на административен службеник**

1. **АЛЕКСАНДРА АНЃЕЛОВСКА се избира** од предложената ранг листа на кандидати по Интерниот оглас за унапредување на административен службеник во Управата за извршување на санкциите број 01/2019 за работно место раководител на Одделение за нормативно-правни работи-Сектор за нормативно-правни,општи и управни работи, со звање раководител на одделение, шифра на работно место УПР 01 01 Б04 000
2. Со именуваната ќе се заснова работен однос по конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиена писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-7010/2 од 22.08.2019година, на ден 30.12.2019година на веб страницата на Министерството за правда-Управа за извршување на санкциите и на Агенцијата за администрација објавен е Интерен оглас број 01/2019година за унапредување на еден административен службеник во Управата за извршување на санкциите на работно место раководител на одделение за нормативно-правни работи --Сектор за нормативно-правни,општи и управни работи.

Со Решение број 04-18/4 од 13.01.2020година,формирана е Комисија за унапредување на административен службеник

На Интерниот оглас за горенаведеното работно место се пријави еден кандидат.Комисијата спроведе постапка за административната селекција и по одржано интервју со единствениот кандидаат чија пријава беше комлетна и кој ги исполнува условите утврдени во Законот за административни службеници и пропишанаи во Правилник за систематизација на работни места во Управата за извршување на санкциите.

Врз основа на добиените бодови од спроведената административна селекција и од одржаното интервју,изготвена е Конечна ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на предложената ранг листа,а со оглед дека целата постапка се спроведе со единствениот кандидат, директорот за работното место раководител на одделението за нормативно-правни работи-Сектор за нормативно-правни,општи и управни работи,го избра кандидатот Александра Анѓеловска.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА :

Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена од деноот на објавувањето да изјави жалба до Агенцијата за администрација.

ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА
ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ
Јовица Стојановиќ

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваната
- Одделение за општи и управни работи